MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr. 09-131/5
11-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-тата седница, второ продолжение, одржана на ден 10.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-4086/1 од 30.08.2019 година, доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема елементи за да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси за лицата ----------- Началник на ---------------- во постапка за покренување на постапка за одговорност за кршење на работен ред и дисциплина против лицето ------------- и ---------- – Началник на ------------------ во поднесување на Иницијатива за утврдување на одговорност на истото лице.

Предметот со број 09-4086/1 од 30.08.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4086/1 од 30.08.2019 година е оформен врз основа на пријава од лицето -------------, за судир на интереси за лицето ------------, Началник на СВР ----------, бидејќи истиот требало да се изземе од поднесување на предлог за поведување на постака за утврдување на одговорност за пријавителот. Понатаму пристигната е уште една иницијатива од пријавителот, против ------------ началник на --------- кој требало да се изземе од поднесување на предлог за поведување на постака за утврдување на дисциплинска одговорност за лицето -------------. Според пријавителот, началникот -------------- не смеел да поднесе Предлог за поведување на дисциплинска постапка бидејќи за настанот кој е опишан во предлогот и за кој се бара одговорност од лицето -------------, началникот и две други лица имаат покренато приватна тужба пред надлежен суд. Пријавителот смета дека предлогот за утврдување на наводна одговорност е поднесен само со цел, началникот -------------- преку своето влијание да обезбеди одлука од Дисциплинската комисија за утврдување на одговорност. Одлуката би му помогнала на Началникот, натаму пред надлежниот суд да побара надомест на материјална штета за претходно споменатата тужба. Во однос на иницијативата против --------------, директно надреден над пријавителот, истиот смета дека Началникот на ---------------- не требал да поднесе иницијатива за Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, бидејќи

пријавителот има поднесено пријава против ------------- за сторено кривично дело, и тука го гледа судирот на интерес.

Државната комисија по разгледување на наводите од пријавата констатира дека лицето -----------, Началник на СВР ------------, согласно член 221 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи е овластен предлагач, односно има надлежност да дава предлог за поведување на постака за утврдување на дисциплинска одговорност. Но истиот не одлучува дали ќе биде изречена дисциплинска мерка во дисциплинската постапка. Односно не е вклучен во постапката, за да може согласно член 73 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата да има должност да се изземе или доколку не се изземе, Државната комисија да изрече мерка. Согласно член 220 од Колективниот договорна МВР, за водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност во случаите утврдени со закон **министерот со решение** формира **комисии за утврдување на дисциплинска одговорност**. Овие комисии се независни во своето одлучување, и во постапка уредена во Колективниот договор на МВР, постапуваат по предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. Тоа значи дека овластените предлагачи не се вклучени понатаму во спроведување на постаката за одлучување на дисциплинска одговорност. Комисијата е таа која што одлучува, и истата согласно член 237 од Колективнот договор на МВР по завршување на расправата, пристапува кон советување и гласање и ја утврдува одговорноста на работникот со мнозинство гласови и изготвува писмен предлог за утврдување на дисциплинска одговорност до министерот за донесување на решение. Ако комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност врз основа на спроведената постапка, односно одржана расправа, на советувањето и гласањето од членот 237 од овој колективен договор, утврди дека работникот не е одговорен или не се исполнети условите за донесување на решение за изрекување дисциплинска мерка, согласно член 239 од истиот договор, му предлага на министерот да го отфрли предлогот односно да ја запре постапката.

Согласно вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија не најде елементи да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси кај ------------------, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи наведеното лице не учествува или одлучува во постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на лицето -------------. Надлежна за постапување во конкретниот случај е комисија за утврдување на дисциплинска одговорност, формирана од Министерот за внатрешни работи, кој пак носи Решение за изрекување дисциплинска мерка.

Државната комисија не најде елементи да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси ниту кај Началникот на ----------------, при СВР -------------, -

------------, бидејќи согласно член 221 став 3 од Колективниот договор на МВР, Иницијатива за поднесување писмен предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност до овластениот предлагач може да поднесе непосредниот раководител на организациската единица каде бил распореден работникот во моментот на сторување на повредата, како што е во конкретниот случај, но понатаму постапката и носењето на конечна одлука е во надлежност на комисија за утврдување на дисциплинска одговорност, формирана од Министерот за внатрешни работи, кој носи Решение за изрекување дисциплинска мерка.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**